27146

12187,



# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

## Во графичката збирка на МСУ

# НОВИ ДЕЛА — ПОДАРОЦИ

● НАЈНОВИТЕ 75 ПОДАРОЦИ ОД УМЕТНИЦИТЕ ОД РЕЧИСИ ЦЕЛИОТ СВЕТ СЕ ДОКАЗ ДЕКА ЗА УМЕТНОСТА И ЗА ТВОРЕЦОТ НЕ ПОСТОЈАТ ГРАНИЦИ — ВЕЛИ ЉУПКА ДАМЈАНОВСКА, РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛОТ ЗА УМЕТНИЧКА ЗБИРКА ВО МУЗЕЈОТ



Ален Винан Белгија): Форментера III, 1980

Во втората половина од оваа година Музејот на современата уметност во Скопје на подарок доби 75 графики од 35 автори од 19 земји во светот. Заедно со претходно добиените дела од југословенските графичари (за што пишувавме), Музејот во овој временски период својата уметничка збирка ја збогати со преку сто графики и цртежи. Според обичајот, на овој исклучително хуман гест Музејот возвраќа, во рамките на својата можност, со изложба на овие подарени дела. Следната ќе биде организирана во првата половина на 1981 година.

Меѓу 35-мината дарители се наоѓаат и имињата на уметници кои се познати во светот и кои учествувале на меѓународни изложби до кои се доаѓа по пат на строга селекција, како што се Љубљанското биенале или Биеналето во Краков. Некои од нив се и добитници на награди што им ги доделил Музејот, па на тој начин тие и дознале за неговото постоење. Меѓу нив се: Пјотр Ковалски, Питер Стамфли, Жан Пјер Лерој и други. Свои подароци за МСУ најавија и седуммина други уметници од светот, меѓу кои и англичанката Бриџит Рајли.

Раководителот на Одделот за уметничка збирка и на постојаната поставка при МСУ, Љупка Дамјановска, за стилските насоки на подарените дела вели:

— Подарените дела претставуваат извонреден придонес за графичките колекции на МСУ. Тоа се главно најнови дела на авторите, настанати во последниве 2—3 години и преку нив можат да се следат стилските насоки во современата светска уметност. Дарителите потекнуваат од речиси сите европски земји, од САД, Јапонија и Канада. По апстрактно-асоцијативните дела во минатата деценија, сега би можело да се забележи едно обновено интересирање за фигурацијата. Тука има повеќе изрази: од неонадреализмот, преку хиперреализмот до експресивност на формата во кои уметниците се задржуваат на современите теми од денешното живеење, на продуктите на денешното цивилизирано и технизирано општество.

**Интересно е што уметниците и 17 години по земјотресот сè уште му подаруваат свои дела на Музејот. Колку дела брои збирката?**

— Меѓународната графичка колекција на Музејот е единствена од ваков вид не само во нашата земја, туку и на поширокото балканско подрачје. Таа брои преку 1400 графички листови во сите графички техники, со еден широк спектар на естетско-стилски определби на уметноста од 20 век. Со нив Музејот има извонредни можности за организирање разновидни изложби — стилски, тематски, антологиски, дидактички и други, што ги прикажува во своите простории и во работните колективи, училиштата, во селата. Графиката и онака е ликовен медиум што овозможува максимална комуникативност. Тоа што уметниците и сега ни подаруваат свои дела треба да се разбере како израз и резултат на извонредно значајната меѓународна солидарност. Со нестивнат интензитет Музејот добива нови подароци од целиот свет, што е уште еден доказ во уметноста и за творецот не постојат граници, дека тие се бринат кога станува збор за една ваква благородна акција која придонесува за подобро разбирање, запознавање и зближување меѓу народите.

(С. Ѓ.)